**20240170409**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2025 година.

Бр. 08-380/1
21 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), во член 78 во ставот (4) и во член 80 во ставот (4) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 2

Во член 87 во ставот (4) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерството“.

Член 3

Во член 88 во ставот (3), во член 90 во ставот (4), во член 102 во ставот (5), во член 123 во ставот (14) и во член 125 во ставот (6) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 4

Во член 143 во ставовите (12) и (18) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во став (20) зборовите: „министерот за труд и социјална политика” се заменуваат со зборот „министерот”.

Во став 21 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерството“.

Член 5

Во член 156-б во ставот (5), член 156-в во ставот (11) и во член 156-ѓ во ставот (4) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 165 во ставот (6) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерството“.

Член 7

Во член 166-б во ставот (2) и во член 166-з зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 8

Во член 176 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политка, демографија и млади“.

Член 9

Во член 177 во ставот (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Лиценцата за работа е јавна исправа и се издава во два примерока, од кои едниот примерок е за подносителот на барањето, а другиот примерок останува во Министерството. Лиценцата се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку подносителот на барањето зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, на негово барање истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.“.

Член 10

Во член 177-б ставот (2) се менува и гласи:

„Првиот дел од испитот од ставот (1) на овој член се полага по електронски пат со одговарање на определен број прашања со решавање на електронски тест на компјутер, на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку кандидатот го зборува јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, на негово барање му се овозможува да го полага и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.“.

По ставот (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5), кои гласат:

„(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за стекнување на лиценца за работа не е во функција, а поради крајна итност за да не дојде до застој во континуираното вршење на процесот на лиценцирање, првиот дел од испитот од ставот (1) на овој член, се полага писмено во хартиена форма, на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку кандидатот го зборува јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, на негово барање му се овозможува да го полага и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.

(5) Начинот на полагање на испитот од ставовите (2) и (4) на овој член го пропишува министерот.“.

Член 11

Во член 177-г во ставот (8) зборовите: „и административните“ се бришат, а зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Ставот (9) се менува и гласи:

„За административно-техничките работи на Комисијата од ставот (1) на овој член и за спроведување на стручниот испит за стекнување на лиценца за работа, министерот определува најмногу три административни лица, од редот на вработените во министерството.“.

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) На административните лица од ставот (9) на овој член, за секоја одржана испитна сесија им следува месечен паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето-плата во Република Северна Македонија, за што министерот донесува решение.“.

Член 12

Во член 177-д во ставот (3), член 177-ѓ ставови (4) и (8) и во член 177-е во ставот (7) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборот „министерството”.

Член 13

Во член 177-ј во ставот (7) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Во став (8) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерството”.

Член 14

Во членот 195-а во ставот (5) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерството“.

Член 15

Во член 198 во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 16

Во член 203 во ставот (1) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерството“.

Член 17

Во член 217 во ставот (1) и во член 219 во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 18

Во член 230-ж зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 19

Одредбите од членот 10 од овој закон со кои се дополнува членот 177-б со нов став (4) ќе се применуваат до 1 јануари 2026 година.

Член 20

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.